РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08-554/7
13.03. 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 50 седница одржана на 24.02.2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Математика - наставна", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип**

1.Се акредитира студиската програма „Математика - наставна", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со академски назив: Дипломиран професор по математика/ во меѓународен промет, академски назив: Bachelor of Mathematics Education – BSE (CS).
Научно - истражувачко подрачје: 1 Природно – математички науки, 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 1.01 Математика, 1.02 Компјутерски и информациски науки, 5.03 Воспитание и образование, Научно – истражувачка област: 1.01.00.01 Математика, 1.01.00.02 Алгебра, 1.01.00.03 Веројатност и статистика, 1.01.00.04 Геометрија, 1.01.00.05 Анализа и диференцијални, Равенки, 1.01.00.06 Топологија, 1.01.00.07 Применета математика , 1.01.00.08 Образование по математика, 1.01.00.09 Друго (Нумерички методи, Тригонометрија, Нацртна геометрија), 1.02.00.01 Компјутерски науки, 1.02.00.04 Друго (Примена на компјутерски технологии и дигитални ресурси во наставата по математика), 5.03.00.01 Педагогија, 5.03.00.02 Дидактика, 5.-3.00.03 Методика, 5.03.00.11 Образование на наставници, 5.03.00.12 Друго.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 40 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 0201-543/37 од 09.07.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Математика - наставна", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.0809-564/1 од 16.07.2025 година (наш бр. 08 - 554/1 од 17.07.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 34-та седницата одржана на 24.07.2025 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 554/6 од 25.02.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 50-та седница одржана на 24.02.2026 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски